

# КОЖАТА НЕ ОПРЕДЕЛУВА КОИ СМЕ И ОД КАДЕ СМЕ!

УМЕТНИЦАТА КОЈА ЖИВЕЕ И РАБОТИ ВО БРАЈТОН, АНГЛИЈА, ПОЗНАТА Е ПО НЕЈЗИНИТЕ ИНСТАЛАЦИИ РАБОТЕНИ ОД КОЖИ И КОСКИ НА ПТИЦИ, РИБИ, ДОМАШНИ ЖИВОТНИ...ВО РОДНИОТ ГРАД НЕОДАМНА ЈА ПРЕТСТАВИ ИЗЛОЖБАТА „ИНХЕРЕНТНА УБАВИНА“ НАПРАВЕНА ОД СВИНСКА МАРАМИЦА КАКО СИМБОЛ ЗА СОЗДАВАЊЕТО НА ЧОВЕКОТ ВО УТРОБАТА И НЕГОВОТО НАДВОРЕШНО ИЗРАЗУВАЊЕ КАКО ЛИЧНОСТ

Силвана Жежова    Андреј Гиновски



Кавадарци виден низ очите на Елпида Хаџи-Василева значеше навраќање во минатото. Во тинејџерските години на уметницата. Во времето пред да се запише во Средното графичко училиште во Нови Сад. Тогаш кога го напушти родниот град и ги започна патешествијата по светот и во уметноста.

Такво беше и нашето видување на градот. Ги посетивме паркот во центарот, локалната Музеј-галерија, Спомен-костурницата од каде што се простира најубавиот поглед во срцето на Тиквешијата... Она што ни остави најубав впечаток е зеленилото што го има во изобилие и средено корито на популарната река Луда Мара.

По Нови Сад, наместо на Ликовната академија во Скопје, пат Елпида заминува во Лондон и потем образованието го продолжува на Факултетот за уметност во Глазгов, отсек скулптура. Студиите же ги заврши во 1996 година, а две години подоцна и ќе магистрира на Кралската академија во Лондон.

Оттогаш наваму таа успеа да изгради кариера на почитуван и баран уметник во Англија. Добитник е на многу награди од државни и приватни фондации и често е во редот на избраните уметници кои се вклучени на најразлични проекти. Работи и како гостин професор на повеќе универзитети на Островот.

Елпида живее во Брајтон, Англија. Позната е по нејзините инсталации работени од кожи и коски на птици, риби, свињи, јагниња. Природата е нејзина голема инспирација, меморија останата од детството. Во своите дела употребува природни материјали, а уметноста што ја создава се восприема со сите сетила.

„Работата со животински материјали не е пријатна, бидејќи лошо мирисаат. Особено рибините кожи и неисчистените црева. Риба повеќе не можам да поднесам, а и сите морски плодови. На добар пат сум да станам вегетаријанец. Постојано ме интересирало што се крие под некоја површина.Сите мои дела ја испитуваат текстурата на внатрешноста, бидејќи е интересна и има детали. Секоја кожа е различна, таа н определува кои сме и од каде сме. Коските ги користам како симбол на нешто што е останато на крајот и оттука се поставува прашањето каде е крајот. Секој проект создава можност за некој следен. Инспирацијата произлегува од локациите каде се правени инсталациите, од историјата и географијата на самото место. Читам и проучувам каква индустрија има во тој град, ги откривам специфичностите на тоа место низ разговорите со луѓето. Има интересни приказни кои можат да се имплементираат во самите дела и од нив да се родат некои други идеи,“ вели уметницата.

Елпида моментно работи на неколку проекти. Еден од нив е подготовката на инсталација со рибини кожи на 12 илјади плочки за што и' се потребни исто толку риби. Од јануари месец работи на проектот „Артист во ресторан“ во„Пјед а Тер“, ексклузивен ресторан во Лондон. Од отпадоците од храната која се користи за подготовка на специјалитетите во ресторанот, таа создава уметнички дела кои треба да бидат изложени во септември во истиот простор.

До сега има изработено чанти од тестиси на јагне. Вклучена е и во еден проект за Ромите во Македонија и во Италија, а подготвува и уметничко дело прилагодено на просторот на една галерија во Јужна Англија.

ПАРКОТ ВО ЦЕНТАРОТ

## ПРИРОДАТА КАКО ИНСПИРАЦИЈА

Кога бев тинејџерка овде се собиравме со друштвото, бидејќи немаше други места каде што можевме да одиме. Тоа беше вистинско доживување. Се раѓаа идеи кои подоцна ги користев и во моите дела. Кога се подготвував за Ликовна академија, две од моите три другарки ми беа модели за цртање. Луѓето ни приоѓаа, па не прашуваа што правиме. Овој парк го одржуваат, бидејќи е во центарот на Кавадарци. Од природата, односно од дрвјата и птиците ја црпам и инспирацијата за некои од моите дела и инсталации што ги поставувам. Во Њу Форест во Хамшир се наоѓа една од најстарите шуми во Англија каде што секое дрво е донесено од различни земји. Кога одите низ неа, има прекрасен пејзаж. Проектот што го работев таму беше подземен. Направив два стаклени тунели, кои беа долги 15 и длабоки два метри. Корењата на дрвата можеа да се гледаат одозгора и одоздола, за да се почувствува тој подземен живот. Можевте да влезете во тунелот и дрвото да го гледате одоздола.

Моментно работам на една поголема верзија на овој проект, а предложив две места каде можам да го реализирам, едниот е Аштон парк во Бристол и еден парк близу до Њу Форест во Винчестер. Пред две години направив и звучна инсталација со птиците.



МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР И СПОМЕН-КОСТУРНИЦА

## НАЈУБАВИОТ ПОГЛЕД НА ГРАДОТ



Младинскиот центар кој сега е во руинирана состојба, е уште едно место кое на Елпида и ги врати спомените од минатото. Своевремено во него имало и ноќен клуб каде се одржувале забави. Гостувале многу славни групи од поранешна Југославија. Бил најпопуларното збиралиште за забава на младите.

„Овој објект сега под свое ќе го земе Музеј на град Кавадарци и овде ќе биде нивната стална поставка со сите експонати" додава Елпида.

Оттаму се упативме кон местото од каде што е најубавиот поглед на градот, Спомен- костурницата на загинатите борци на НОВ, омиленото излетничко место на жителите на Тиквешијата.

„Иако ова место е запуштено и не се одржува, кавадарчани со задоволство го посетуваат и го користат за рекреативни активности. Порано кога доаѓавме, ќе се искачевме на врвот и секој со поглед ја лоцираше неговата куќа. Амфитеатарот кој е зад споменикот го користевме за одржување приредби по повод патронатот на училиштето, државни празници, а се случуваа и претстави и театар на отворено. " дополнува Елпида.



БАЛЕТСКА САЛА И АТЕЛЈЕ

## НЕОСТВАРЕН СОН

„Кога имав пет години, играв балет. Одев на часови во гимназијата „Добри Даскалов", во една прекрасна сала која за жал повеќе не постои. Стигнав до степен кога можев да продолжам во средно балетско училиште. Но татко ми ме разубеди...оваа професија немала перспектива кај нас... Денес иако професионално не се занимавам со балетот, сепак ја негувам љубовта кон него. Не пропуштам да погледнам некој убаво балет. да слушам класична музика и да ја уживам во уметноста со сите сетила. " раскажува Елпида.

Во близина на Гимназијата се наоѓа и нејзината семејна куќа, каде што на најгорниот кат е сместено ателјето.

„Ова студио го направија моите родители во 1990 година кога се вратив од Војводина. Амбиентот беше комплетно поинаков, овде работев и се подготвував за факултет. Некои графики и цртежи с уште се тука. Откако заминав во Англија и ова место доби поинаква намена. Еден ден ако се вратам ќе го преуредам," објаснува уметницата.

МУЗЕЈ-ГАЛЕРИЈА

## „ИНХЕРЕТНА УБАВИНА" - ПОСТАВКА ЗА СОЗДАВАЊЕТО НА ЧОВЕКОТ ВО УТРОБАТА

Изложбата „Инхеретна убавина" на Елпида беше поставена во Музеј-галеријата во Кавадарци на 6 мај и ќе трае до 7 јуни. Делата направени од свинска марамица, односно од внатрешниот дел од стомакот на свињата најпрво минатата година беа изложени во Јавна соба во Скопје и сега за првпат пред кавадарчани.

„Оваа инсталација ја подготвив овде во соработка со локален месар од каде што ја набавив марамицата и ја направив со помош на моите родители. Целата текстура на свинска марамица е деликатна и е како плетиво. Секоја плочка е различна и не се поврзува со другата, но кога ќе се постават заедно на ѕид, има хрaмонија и единственост па изгледаат како таписерија или мозаик . Целата идеја на создавањето потекна од прашањето за создавањето на човекот во утробата и неговото надворешно изразување како личност. Начинот на изработка е поврзан и со нашата традиција на изработка на плетива, тантела и миленца. Сакам оваа изложба да ја однесам во Англија затоа што има голем интерес, но не знам дали ќе биде изводливо. Ако не, ќе направам нов дел таму," вели Елпида.

Во Музеј-галеријата во Кавадарци има постојана поставка со археолошки предмети кои се најдени во Тиквешијата. Има и една просторија во која се наоѓаа македонски носии, стари предмети кои се користеле при извршувањето на домашните обврски во македонските семејства. Од нашата традиција, Елпида како инспирација ги користи тантелата и плетивото како и положбата на самата жена во семејството. „Сите мои дела се работени макотрпно, а сметам и дека таква е улогата на македонската жена во семејството. Ме интересира старата традиција, исхраната, специјалитетите. Во делата почнав да ја користам и црвената боја која како детаљ се провлекува низ нив."

